# Zebra TLP-2844 термички принтер

## Принтер со технологија за термички трансфер наменет за канцелариска употреба и едноставно печатење налепници

Прв пат на тест добиваме принтер наменет за печатење на налепници (етикети). Zebra TLP-2844 претставува принтер од класата на термички преносници (Thermal Transfer) што овозможува печатење на најразличен тип на налепници. Најнапред да ги објасниме технологиите на ваквите принтери. Постојат два вида на термални принтери кои ја употребуваат топлина за да ја создадат или за да ја пренесат сликата на медиумот за печатење. Директните термички принтери се оние што ја користат топлината за да реагира со специјално обработената хартија и така се создава сликата. Ваквите принтери како потрошен материјал ја имаат само хартијата, а тоа се всушност принтерите што ги печатат фискалните сметки кај нас. Принтерите со технологија на термички трансфер ја користат топлината на главата за печатење за да се пренесе мастилото од рибонот на медиумот за печатење. Оваа технологија најчесто се користи за печатење на налепници затоа што се вклучени многу фактори од околината и затоа што е потребно да се контролира сликата како и истрајноста на налепниците.

Zebra TLP-2844 по големина и по капацитет на печатење е наменет за канцелариска употреба, но може да се користи и во магацински простории според некои негови карактеристики. Всушност, целосно затвореното пластично куќиште на Zebra TLP-2844 му овозможува да работи во лоши услови за работа пропратени со многу нечистотии и прашина. Во кутијата со печатачот се испорачуваат пропратните кабли, софтвер, рибон за печатење, како и еден котур со налепници. Монтирањето на котурот со налепниците и рибонот со лентата за собирање на потрошениот материјал е малку комплицирано, но за среќа има одлично упатство со слики, па дури и слики во самиот принтер за начинот на монтажа. На принтерот има само едно копче кое свети во 3 различни бои во зависност од модусот во кој се наоѓа. Софтверскиот дел на инсталацијата е едноставен, а 20 годишното искуство на Zebra Technologies придонесува за испорака и на квалитетен пропратен софтвер. Именo, ZebraDesigner 1.0 ги содржи сите потребни можности за дизајнирање и печатење на налепниците. Внесувањето на различен број нумерички податоци и бар кодови се изведува многу брзо и едноставно. Карактеристиките со брзина од 102 mm. во секунда и квалитет од 201 dpi не го прават Zebra TLP-2844 најбрз и најквалитетен принтер на пазарот, но затоа тивкиот режим во работењето и издржливоста го прават одличен избор како за мали, така и за големи компании. Максималната ширина на налепниците за печатење е 104 mm, а постојат многу најразлични типови. За различните ширини на налепници можат да се користат и различни ширини на рибоните што овозможува значително намалување на трошоците за печатење. Рибони можат да се користат во неколку различни бои покрај стандардната црна. Со ниска цена на печатење, Zebra TLP-2844 се наметнува како одличен избор на компаниите кои имаат потреба од сериско нумерирање на производите или, пак, едноставно ставање на бар кодови на некои артикли. ●

[ИВАН МАНЧЕВСКИ]

**Zebra TLP-2844 се наметнува како одличен избор на компаниите кои имаат потреба од сериско нумерирање на производите или, пак, едноставно ставање на бар кодови на некои артикли**



Thermo TLP2844

### ИНФО

- **ПРОИЗВОДИТЕЛ:** Zebra Technologies www.zebra.com
- **ПРОИЗВОД НА ТЕСТ ОД:** Инфо-код www.info-kod.com

### ЗА И ПРОТИВ

- ↑ Голем избор на димензии на налепници и рибони
- ↑ Одличен пропратен софтвер
- ↑ Добра надворешна заштита на самиот принтер
- ↑ Различни начини на поврзување со компјутер
- ↑ Многу тивок во работењето

### ЦЕНА

- **32.933 денари**

### ОЦЕНА

10/10

ОДЛИЧНО

Канцелариски принтер за налепници со одлични перформанси

## СПЕЦИФИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| ТЕХНОЛОГИЈА НА ПЕЧАТЕЊЕ | Термички трансфер |
| ПОВРЗУВАЊЕ СО КОМПЈУТЕР | Сериски, Паралелен и USB приклучок |
| МАКСИМАЛНА ШИРИНА НА ПЕЧАТЕЊЕ | 104 мм |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПЕЧАТЕЊЕ | 102 мм во секунда |
| КВАЛИТЕТ НА ПЕЧАТЕЊЕ | 201 dpi |
| ДИМЕНЗИИ | 198 x 238 x 173 мм |
| ТЕЖИНА | 1.7 КГ |